**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 68-тата седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод 10 годишнината од смртта на Мајка Тереза

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на Врхониот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, замениците претседателели на Владата на Република Македонија, министрите на Владата на Република Македонија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, поглаварот на Македонската православна црква, Реиз Сулеман на Исламската верска заедница на Република Македонија, скопскиот бискуп и апостолски егзардх на Католичката црква во Република Македонија, проповедникот на Евангелско методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија, градоначалникот на Град Скопје, претседателот на Државната изборна комисија, претседателот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Република Македонија, ректорите на универзитетите Св. Кирил и Методиј од Скопје, Св. Климент Охридски од Битола, Државниот универзитет во Тетово и Државниот универзитет Гоце Делчев од Штип, добитниците на наградата Мајка Тереза, шефовите на странските дипломатко конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Почитувани гости и екселенции, дами и господа, браќа и сестри.

На само стотина метри од овој дом во некогашното латинско маало на 26 август во далечната 1910 година родена е блажена Гонџа Агнеза Бојаџиу позната во светот како Мајка Тереза или светица на бедните.

Во 1929 година испратена е во Калкута, каде што работи како наставник во манастирот Лорето.

Во 1950 година со благослов на Папата го формира мисионерскиот ред Мисионерки на љјубовта, а во 1979 година ја добива Нобеловата награда за мир.

На 5 септември 1997 година умира во Калкута. Засебе зборуваше "јас сум скопјанка" но припаѓам на целиот свет.

А таа се молеше вака: боже, очи на сите луѓе, ти од нас бараш да носиме љубов таму каде што сиромашните се понижени. Помирување кај луѓето што се разделени, ти ни го отвараш патот на кој што сме квасец на заедништвото во сето човечко семејство. Благодарам.

Сега имам чест да му дадам збор на господинот Антон Серечи, потпретседател на Комисијата за верски заедници и религиозни групи на Република Македонија.

Повелете, господине Серечи.

**Антон Серечи:** Благодарам претседателе.

Почитувани, Гонџа Бојаџиу, сестра Тереза Бојаџиу и Мајка Тереза Бојаџиу се три животни периоди, три слоја: национален, верски и културно-мисионерски во животот и делото на нашата сестра, мајката на светот која по многу години жртвување, службување, племенитост и невидена љубов за нас и за целото човештво, најголем и најуверлив пропагандист на доброчинителството, хуманизмот, на животот посветен на господа Бог и на човекот. Со еден збор стана чудешност на нашите денови, најсветлата страница во историјата на нашиот век, верувам и на многу векови.

- Според крвта, јас сум албанка, според државјанство индијка. Што се однесува до верата јас сум католичка монахиња, според повикот му припаѓам на светот, но моето срце му припаѓа на срцето Христос, на Мајка Тереза со ситна става, но со картеста вера и беше доверена мисијата да и соопшти непресушната љубов на Исус за човештвото, посебно за најсиромашните меѓу сиромашните.

За да се разбере барем малку живото и големото дело на Мајка Тереза, но и да се емитира и продолжи во тоа, се разбира секој според уловите и можностите, треба да се разреши феноменот на племенитоста и љубовта, од повеќе аспекти.

Зошто и поради што таа беше таква, толку дбора, така најголема, мајка на несреќните. Каде е позадината, силата, тајната на нејзиниот живот посветен на господ преку човекот. Зошто и како таа ја постигна идејатификацијата, блаженството и во рекордно време и се наметна на црквата и светот со племенитост и љубов.

Гонџа Бојаџију, Мајка Тереза, нејзината душевна ризница или капитал ја најде во мотивираното и посветеното измачување, во страдање, неволји, потешкотии.

Родена е во Скопје на 26 август 1910 година, во време на турско-отоманското владеење. Нејзиното семејство Бојаџиу дојде од Призрен во Скопје поради епидемијата која го десеткуваше тогашното население, поради честите и речиси вообичаени турски прогони, но и од трговски причини. Освен тоа Гонџа Бојаџију на своја кожа го почувствува страдањето, но не како божја казна туку повеќе како божи и љубовен дар заради калење, зацврстување, претчуствување и оспособување за жртвувањето и поверената љубов кон господ и кон блажените. Таа се роди и растеше како болежлива девојка поради што нејзините родители стравуваат за нејзиниот живот, но болеста и стана најсаканата и најверната другарка во нејзиниот живот, со цел да ги разбере, помогне и разбере сите.

Семејството Бојаџиу доживеа неверојатни загуби и потреси со смртта, труењето на Гои Бојаџиу во 1918 година. Неговата смрт од корен го смени животот на целото семејство Дроња остана без стопан и без маж, без раководител на повеќе трговски, градежни и национални активности. Децата се уште беа мали, 13-годишен Љазар, 10-годишната Агија и 8-годишната Гонџе, сирачиња без татко и без никаква сигурност. Децата набргу ќе се разделат, Љазар на студии, најпрвин во Грац, потоа во Корча и дефинитивно се разделува од семејството во 1924 година. Гонџа исто така се разделува од милата мајка Дроња и сестрата Агија во 1928 година кога тргна како мисионерка во Индија.

Како што се гледа, животните и политичките околности го разделија ова албанско семејство, како и многу други семејства на нашиот народ. Доволно е да се потсетиме и да ги спомнеме само гробовите на на семејството на Мајка Тереза. Гои Бојаџиу во Скопје во една заедничка гробница, Дроња и Агија во Тирана, Љазар во Палермо - Италија, додека Мајка Тереза во Калкута - Индија. Ова беше и е наша тажна судбина.

Во нејзиното монашко дело, најпрвин како сестра Тереза од Лорета од 1929 до 1948 година, подоцна како Мајка Тереза мисионерка на љубовта од 1950 година и се до нејзината смрт 1997 година таа се сретна, се соочи со страдањата на Калкута, на Индија и на целиот свет. Затоа од личното, семејното, националното искуство како и инзвонредното монашко служување, Мајка Тереза стана и ќе остане мајка на несреќните.

Страдањето и целосната самотија под поднебјето на Калкута кога излезе од редот на сестрите на Лорето во најмизерните населби Тигил и Монотигил во опасност да ја убијат како бела европјанка и англиска шпиунка за неа стана животен предизвик. Тогаш од големото детствено, религиозно и полно со љубов срце се роди чудесната молитва “господе дајми малку сила да останам и да умрам во нивна средина за да им ја докажам својата љубов”.

Еве само неколку пораки од животот и искустовот на Мајка Тереза за страдањето: “Страдањето е големо, но уште поголема е љубовта. Страдав многу кога се разделив од моето семејство, кога тргнав како мисионерска сестра во Индија, но уште повеќе страдав кога се разделив од сестрите на Лорето, беше тоа повик на повик, гласот на господ, јасна наредба”.

Мајка Тереза страдаше и се жртвуваше во молчењето, во молење, во љубов за целото човештво.

Во еден разговор за разделбата со нејзината мајка и сестра поради политички и идеолошки причини во Албанија, како и страдањето на нејзиниот народ рече: “ до денес се сум постигнала со љубов и со молитва, но ова се уште не. Се уште има граници и пречки кои ниту љубовта не може да ги урне. Само господ знае зошто мајка ми и сестра ми, целиот мој народ треба да страдаат толку многу”.

По добивањето на Нобеловата награда за мир на 12 декември 1979 година во Осло, таа рече: “Јас мислам дека Албанскиот народ и црква го минува Големиот Петок, но нашата вера не учи дека тука не завршува животот на Исус Христос, тука на крстот и завршува со неговото оживување, ова е тајната на христијанскиот успех”.

Дали не беше чудо, дело на господ, за добро на целото човештво, една млада Албанка, 18 годишна католкиња да замине во Индија, во Калкута, во целиот свет и целото човештво, дали не е чудо за околу 20 години таа како професорка и директорка на многу училишта на сестрите на Лорето да стане најубавата и најпривлечната историја на христијанската љубов, да стане нова географија на Калкута, некогаш престолнина на несреќи, денес со Мајка Тереза престолнина на милосрдието, на љубов и службување на господ преку човек , брат, сестра. Дали не е чудо од 1950 година па се до вечноста 1997 година да формира пет монашки редови, да се прошири во повеќе од 120 земји во светот да премине секоја национална, верска , расна, полова, идеолошка, политичка, општествена и просторна граница. Бев гладен и ми дадовте да јадам, бев жеден и ми дадовте да пијам, бев патник и ми дадовте преноќиште, бев гол и ме облековте, бев болен и дојдовте да ме посетите, бев во затвор и дојдовте кај мене. Овој отелотворен Исусов Христос таа го најде. Му служеше и го сакаше 24 часа на ден, во секое човечко суштество.

Мајка Тереза со мотивираното страдање и понудено со вера и љубов ги преминуваше секоја граница и секоја поделба. Како на пример, индиското сфаќање на лепрата, поделбата и верската омраза, поделбата на светот на богати и сиромашни, подигна многу центри, оази, градови на радоста за лепрозните во Индија и во светот. Од ова животно искуство произлезе следнава емотивна и восхитувачка порака,

“никаква болест, значи ниту лепрата, не може да го унакази човекот за да не може да ги препознае нашиот брат или нашата сестра, уште повеќе Христос маченикот”.

Надминувањето на кастите, верските и културните поделби што доаѓаат во израз посебно преку кастите кои повеќе од 3000 години го делеа народот од раѓањето, па се до смртта.

Словенечкиот мисионер Виктор Седеј, во однос на кастите во 1939 година напиша: мисионерот во Индија има три заверени непријатели, ѓаволот, индиското сонце и кастите. Најголема опасност без сомнение се кастите. За доближување и надминување на кастите сфаќања се обиде и големиот Ганди, но речиси без успех.

Мајка Тереза ги зближи и помири и богатите со сиромашните кои беа полни со предрасуди и спротивставености. Повторно со нејзиниот живот и пример. Сиромашните се такви бидејќи се приморани од животните услови. Јас и моите сестри сме сиромашни слободно и доброволно поради љубовта кон господ, за да ги разбереме и помогнеме на најсиромашните сиромаси. Само кога богатите ќе го поделат нивното богатство со сиромашните и тие ќе бидат среќни и спокојни. Ние целосно сме зависни од господ од добротворноста. Господ не ја создал сиромаштијата, ние сме ја создале неа, пред господ сите сме сиромашни.

Мајка Тереза го надмина и класичното сфаќање на христијанските мисии за да ги врати останатите во христијанството како и разните верски поделби. Мајка Тереза сведочи вака: “ние работиме за сите луѓе, без разлика за тие што повеќе ќе се зближат меѓусебе и со господ. Ние работиме со христијани и нехристијани, како со муслимани и будисти, сите заедно како еден”.

Ова се потврдува, исто така и во нашите домови за луѓе чиј живот е во опасност. Било каде затоа што сите ги сакаме и ги служиме како наши браќа и сестри. “Кога допирам, гушкам еден лепрозен, јас го допирам и гушкам самиот Исус Христос. Како можам тогаш да не го направам тоа или пак, да не бидам среќна”.

Како заклучок можам да кажам, нашата мајка Тереза ја изнесе на виделина исрасна, трдахна и посевети многу вековното страдање на народот и на нашата 2000-годишна црква. Ја хранеше христијанската вера и љубов, возвишувајќи се над сите за да биде на сите и за сите. Затоа и ја нареков мајка на несреќните. Протагонистка на господ и на човекот, надеж за подобар свет, мајка на светот. Со мајка Тереза уште еднаш е потврден изразот, кој верува и сака секогаш живее, менанан Терезе еде њихер у вертетуа шпрехја “Куш дон де дашурон ѓитмон јетон”.

Ви благодарам.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Серечи.

Сега имам чест да му дадам збор на доктор Киро Стојанов скопски бискуп и апостолски егзарх, повелете.

**Киро Стојанов:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија,

Изразувам голема благодарност за поканата и можноста што ми ја дадовте да се обратам во овј народне дом по повод 10 годишнината од смртта на блажена Мајка Тереза.

Почитувани,

Блажена Мајка Тереза од целото свое битие и во секоја пригода повикуваше на светост. Било кој да побараше потпис од неа, таа допишуваше: биди свет. Да се биде херој не е неопходно, да се биде наоружан. Светците се хероi кои човечки гледано изгледаат голи без ништо и со никакво оружје. Тие дозволуваат да бидат распнати за светот. Затоа нивните херојства никогаш не застаруваат, не се преодни, не припаѓаат на минатото туку на иднината.

Светците го трасираат патот на иднината, нивното извршено дело не можат да го затемни ниедно световно уредување, зашто нивно оружје е божијот исусов дух. Тоа го гледаме кај блажена Мајка Тереза, тоа го гледаме кај светците кои црквата ни ги дава.

Блажена Мајка Тереза пред целиот свет рече: моето срце целосно припаѓа на Исус Христо, тоа е она што ги одликува светците. Тие со целото свое битие припаѓат на Исус Христос, а ако се христови тогаш припаѓаат на целиот свет. Тие се богатсвото на целиот свет. Примерот на блажена Мајка Тереза во споредба на некои овоземски ѕвезди кои преминаа во вечноста, дава јасна насока што значи да се биде свет во божјите очи и да се биде овоземска ѕвезда.

Блажена Мајка Тереза немаше ништо освен мир и љубов. Умира совршено, сиромашна, без ништо, а мирот и љубовта жареше насекаде каде доаѓаше и како таква целиот свој живот го даруваше за својот ближен. Тоа е суштествената разлика помеѓу светските херои и христијанските светци. Светците во светот внесуваат тоа што на светот му недостасува.

Своите домови по светот, а денеска има повеќе од 700-стотини блажена Мајка Тереза ги нарекуваше светохраниште. Тоа се места каде се случуваа чудеса пред лицето на целиот свет.

Таа вели: не ние не сме социјални работнички, можеби во лицето на светот извршуваме социјална служба, нешто општествено корисно. Ние сме конзвативки во срцето на светот. Ние го допираме христовото тело 24 часа на ден, ние сме 24 часа во негова присутност. Тоа е одликување на светците да се биде секогаш во Христа, со Христа и да се работи само за Христа.

Блажена Мајка Тереза е евангелски пример. Светците се вистински толкувачи на евангелието зашто нивниот живот е отворена книга на овопалтеното божје слово, Исус Христос.

Тие се книга која сите луѓе ја читаат. Тоа толку јасно се гледа во животот на блажена Мајка

Тереза, која до крајот на својот живот остана на светската сцена како побожна и света жена. Никој не беше толку присутен во јавноста како таа. За никој не се напишатни толку многу статии, никој не примил толку награди и признанија како таа. Толку многу претседатели на држави, претседатели на влади, ја примија и почитуваа. Никогаш не се обиде да се сокрие од јавноста, а секогаш знаеше што треба да направи односно тоа што Исус би го правел денес. Таква голема свест и самосвест, самоувереност може да блеска од исусовиот вистински ученик.

Блажена Мајка Тереза беше и остана за сите нас и пристап и мост до Исус Христос.

Би се запрашале во што се состои големината на Мајка Терза? Се состои во нејзината универзална љубов. Таа нам ни покажа и докажа дека бог е љубов и дека кој верува не може само да верува туку треба и да љуби.

Втора карактеристика кај неа е надежда.

Мајка Тереза не се надеваше како што ние се надеваме, ќе биде подобро нека другите работат и прават. Никогаш таа не анализирала што другите работат или неработат, туку секогаш дејствуваше и тоа поттиканата со вера и љубов. За неа во прв ред љубовта значи, жртва, дарување на самиот себеси за бога и ближниот.

Блажена Мајка Тереза и во најмалите го препознава ликот на напуштениот Исус. Таа живее активна контефлација, бидејќи во католичката црква постојат два начина на монаштво. Тие кои исклучиво се посветени на молитвен живот понфлентативен живот и тие кои се активни. Блажена Мајка Тереза вели: ние сме активни контафлетивки. За неа Исус беше присутен во црквата исто како што е присутен и во секој човек, за неа да се љуби е исто што и да се моли и да се дејствува.

Блажена Мајка Тереза го дава смисолот на страдението, многумина се прашувале, како филозофи, така и теолози, зошто светот е таков, зошто луѓето страдаат, а таа со тие спекулативни прашања не се оптоварува. Преупшта на мудрите со тоа да се занимаваат. Таа со својот начин на живеење даде конкретен одговор.

Страда од самиот почеток, се раѓа со слабо здравје, на 8 години останува без својот татко, се разделува со својата мајка и сестра, не може да ја посети својата мајка ни кога била болна, ни кога починала. Но, таа не се задржува на своите сопствени страданија, страданијата на сопственото семејство, таа сака да ги ублажи страданијата на целиот свет и токму во тоа се состои нејзината големина и убавина.

Стара жена, помалку поднаведната, зподгрбавена, збрчкано лице. А во неа нешто благородно. Нешто што остава неизбришлива трага. Нејзината убавина најмноги е изразена во нејзите очи, очи кои се толку убави, мили, толку топли, како да целиот свет би можел да се собере во нив. Убавината на блажена Мајка Тереза доаѓа одвнатре. Од срцето, убавина која е неизбришлива. Согласена е блажена заради убавината на својата душа. Душата на блажена Мајка Терза чиста како кристал, сјајна како дијамант, дава на нејзиниот лик внатрешна убавина, неуништлива убавина, убавина без крем, парфени, стотини други средства. Нејзинат убавина доаѓа од бога кој се вселува во неа. Една индијка вели: "за нас во Индија блажена Мајка Тереза веќе сега е божјо уклопение кое нуди. Јас би рекол за нас во Македонија блажена Мајка Тереза е симбол на единството, на божјето единство меѓу различните етникуми и вери.

Сето тоа се потврди на 26 октомври 2003 година најпрво на благодарната света архирејска литургија го Катедралата Пресвето срце Исусово овде во Скопје, а потоа пред споменикот на блажена Мајка Тереза во центарот на градот каде државните и градски власти, владини и невладини организиции, црковните делегации и одадоа почит полагајќи свежо цвеќе пред нејзиниот споменик без разлика на националната и верска припадност.

Едноставно таа припаѓаше и припаѓа на сите. Постоеше и ќе постои натпревар за мис на годината. Таа титула една личност ќе ја носи само една година и потоа заменува друга личност. Убавината која произлегува од блажена Мајка не трае само една година, туку вечност.

Убавината на блажена Мајка Тереза беше и телотворна. Таа даваше убавина на најсиромашните од овој свет. Во нејзиното служење и сиромашните останаа убави, и тие што умираа без вест, весели на смртната постела, а децата кои немаа никого и ништо одеднаш станиваа мали гении способни да го спасат светот, затоа што почуствуваа дека ги љуби една преубава жена, нивна мајка и дека тие самите се убави кога го прават истото што прави и таа.

Убавината на блажена Мајка Тереза беше полна со надеж. Сјајот на нејзините очи беше оган кој ги запали и најтврдите срца, кој ја уништи омразата и донесе светло во најтемната ноќ, а пред нејзината насмевка ѕидови се рушеа, тие ѕидови во човечките срца кои беа непремосливи. Убавината на блажена Мајка Тереза е вандалска убавина. Убавина која не умира, туку се шири подалеку и пошироко. Таа беше живо евангелие на 20-от век. Таа нам ни ја покажа убавината на евангелската порака и кога за многумина евангелскиот говор претставува тврд, несфатлив, не можам, тогаш можеме да им ја покажеме блажена Мајка Тереза, да им кажам таа знаеше така убаво да го живее евангелието. Таа знаеше и во животот во најголемата сиромаштија да го направи убав со својата убавина, бидејќи таа го спроведе евангелието на дело.

На крај почитувани изразувам длабока благодарност кон сите оние кои што придонесоа за споменикот на блажена Мајка Тереза да биде изграден и поставен во центарот на градот, како и спомен собата, а се радувам што и во блиска иднина во непосредна близина ќе биде подигната и спомен куќата на блажена Мајка Тереза.

А да целосно се заокружи околината на делот околу споменикот, спомен собата и спомен куќата од овој дом очекувам да го прогласи плоштадот околу тие објекти во чест на блажена Мајка Тереза. Благодарам.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам екселенцио.

Почитувани гости, поканувајќи ве на коктел ја заклучувам 68 седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

(Седницата заврши во 11,37 часот)